Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20__ год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
## Ип 1 бр. 57-55
## Датум: 28.06.2022 година

Бр. 1/1 2022
29.06. 2022 год.
СКОПЈЕ

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка | |
| Банка депонент | |

| | | |
|---|---|---|
| Субјект на надзорот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
| одговорно лице, претседател | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 23.06.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 24.06.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.45 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (**во натамошниот текст: СУИН на МК**) | | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | / | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Налог од раководителот на СУИН на МК, ИП 1 бр. 57-55 од 13.06.2022 г., а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, бр. 23-5189/1 од 05.04.2022 година и е предвиден со месечниот план за работа на СУИН на МК за месец јуни бр. 57-49/7 од 03.06.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 30.000 денари (од вкупно одобрени 38.250 денари), согласно со Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн за 2021 година, како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше одговорното лице во субјектот на надзорот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| одговорно лице, претседател | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не присуствуваа други лица.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 22-4619 од 12.11.2020 г. на годишниот конкурс за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2021 г., со Решение на министерот за култура УП1 бр. 22-4619/2020 од 23.02.2021 г., прифатен е проектот на Здружението „Колонија 8", а за финансирање на проектот одобрени се средства во износ од 38.250 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 22-5197/2 од 11.05.2021 г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2021 година, со кој што се одобрени 38.250 денари, наменети за реализација на проектот „Колонија 8".

На 28.04.2021 г., корисникот доставил Барање за исплата на финансиски средства, заведено во МК под бр. 22-5197/1, со Изјава за наменско користење на одобрените средства, како и Образец за оперативен и финансиски план за користење на буџетските средства за реализација на проектот. Притоа, во планот како составен дел од Договорот, било предвидено бараниот износ на средства да биде потрошен за организациско материјални трошоци согласно со член 2 став (1) од Договорот.

Исто така, според планот предвидено било, проектот да биде реализиран во период од 08.07.2021 г., до 18.07.2021 г., во Охрид.

- Врз основа на Решение за преведување на средства бр. 22-5197/3 од 24.06.2021 г., на помошник-Раководителот на Сектор за дејности од областа на културата и уметноста на МК на 29.06.2021 г., на наменската жиро-сметката на Здружението, авансно се преведени средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 30.000 денари.

- При инспекцискиот надзор, одговорното лице во Здружението изјави дека Проектот е реализиран но, поради пандемијата предизвикана од вирусот COVID 19, Проектот „ Колонија 8" (прва изложба) е реализиран он-лајн на 18 октомври 2021, за што при надзорот на увид е отворен и линкот од он-лајн изложбата, додека на 25

февруари 2022 година во 19.30 часот, предметната изложба е одржана во КСП Центар - Јадро, за што на увид на инспекторот е презентиран Каталог за изложбата „Колонија Осум 8" како и објави од истата на социјалната мрежа facebook..

Според презентираната документација при надзорот, за организациско-материјални трошоци се потрошени средства во износ од 28.900 денари и тоа:

-18.900 денари се платени за печатење на Каталог за изложбата во тираж од 200 примероци, по ф-ра бр. 246/21 од 14.10.2021 г., издадена од Друштвото „Маг-ан Дизајн" Дооел од Скопје (Банковен извод од 13.10.2021 г.,);
-7.000 денари, се платени на трансакциска сметка на лицето [redacted] по Договор бр.1/2/2020 за графички дизајн на Каталог (Банковен извод 13.10.2021 г.,);
-3.000 денари, се исплатени на трансакциска сметка на лицето [redacted], по Пред договор бр. 1/1/2020 за изработка на предговор за Каталогот за изложбата (Банковен извод од 13.10.2021 г.,);

Инаку, за конкретниот Проект, Здружението има обврска по склучен Договор бр. 1/3/2020 за компјутерска подготовка на Каталогот како и обврска кон УЈП за персонален данок од доход. Додека, МК согласно со Договорот има неисплатена обврска кон Здружението во износ од 8.250 денари.

- При надзорот е утврдено дека проектот **е реализиран од страна на Здружението**, а преведените средства во износ од 28.900 денари се потрошени наменски согласно со член 68 став (1) од ЗК како и оперативниот и финансиски план за реализација на проектот кој што е составен дел од Договорт.
Притоа, Здружението го има реализирано проектот заклучно со 20.11.2021 година, така што организирало он-лајн изложба на 18 октомври 2021, имајќи ги предвид тогаш важечките протоколите за одржување на настани во затворени простории во услови на пандемија, а потоа на 25 февруари 2022, конкретната изложба е одржана и со физичко присуство. Додека, согласно со Договорот, министерството за култура има обврска целосно да го исплати преостанатиот дел од одобрените средства во износ од **8.250 денари**.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација, со соодветна

документација во прилог, при надзорот е утврдено дека не е постапено во целост, поради што на присутното и одговорно лице во Здружението му е укажано за потребата од доставување на дополнет образец за наративен и финасиски извештај со соодветната документација.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**
**-не се констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзорот, односно Здружението.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на Здружението, од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, од страна на инспекторот ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11)Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: ______________________
______________________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на одговорно лице во субјектот на надзор, | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>, виш инспектор | |
| Датум: | 29.06.2022 г. | Датум: | 28.06.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk